ПРАВИЛНИК

за водење и ажурирање на регистарот на членови

Врз основа на членовите 15, 16, 17 и 18 од Статутот на политичката партија Движење ЗНАМ – ЗА НАША МАКЕДОНИЈА, на предлог на генералниот секретар Извршниот одбор на партијата на Седница на Извршнот одбор одржана на 21. декември 2023 година, разгледа и усвои

ПРАВИЛНИК

за водење и ажурирање на регистарот на членови

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдува формата и содржината на писмената изјава за зачленување (пристапница) во политичката партија Движење ЗНАМ – ЗА НАША МАКЕДОНИЈА (во натамошниот текст „партија“), изгледот и содржината на членската легитимација на партијата, како и начинот на водење и ажурирање на регистарот на членови на партијата.

II ПИСМЕНА ИЗЈАВА ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ (ПРИСТАПНИЦА)

Член 2

Писмената изјава за зачленување (пристапница) е образец кој содржи лого на партијата и места за пополнување со следните податоци: Име и презиме, ЕМБГ, Пол, Датум и место на раѓање, Адреса по личната карта, Адреса по место на живеење, Општина, Месна заедница, Број на избирачко место, Телефон, e-mail адреса, Степен на образование, Професија, Работен однос/Работодавец и можност за избор на лицето кое пристапува како Активен или пасивен член на партијата.

Под графите за пополнување од став еден (1) на овој член, како составен дел на пристапницата е Изјава со следна содржина:

- Изјавувам дека доброволно пристапувам во членство на политичката партија Движење ЗНАМ - ЗА НАША МАКЕДОНИЈА и ги прифаќам одредбите од Статутот на партијата.

Под текстот на Изјавата е место за своерачен потпис на лицето кое пристапува, односно се зачленува во партијата.

Изгледот и содржината на писмената изјава за зачленување (пристапница) е Прилог број 1 на овој Правилник.

III ЧЛЕНСКА ЛЕГИТИМАЦИЈА

Член 3

Членската легитимација на партијата има соодветен, препознатлив и уникатен дизајн.

Членската легитимација на партијата ја има следната содржина:

- на предната страна од членската легитимација се наоѓаат следните податоци: Име и презиме на членот на партијата и Број на членската легитимација,
- на задната страна од членската легитимација се наоѓа QR Code односно NRC Code, кој ги содржи сите податоци од пристапницата на членот на партијата.

Членската легитимација на партијата се изработува од PVC материјал.

Член 4

Начинот на нумерацијата на членските легитимации на партијата е следен:

- првите два броја претставуваат код на општината од која е членот на партијата,
- наредните четири (4) односно пет (5) броја (во зависност од бројот на жители на општината) се степенуваат прогресивно од 0001, односно 0001 нагоре.

Прегледот на општини во државата со нивните двоцифрени кодови е Прилог број 2 на овој Правилник.

IV РЕГИСТАР НА ЧЛЕНОВИ НА ПАРТИЈАТА

Член 5

По приемот на писмената изјава за зачленување (пристапница) во општинската организација (лично, по пошта препорачано или преку генералниот секретар на партијата), на првиот состанок на општинскиот извршен одбор таа се разгледува и со тоа се верификува пристапувањето, односно зачленувањето на лицето во партијата.

По состанокот на извршниот одбор, секретарот на општинската организација ги внесува податоците (генералиите) од пристапницата на лицето во регистарот на членови, која е единствена електронска дата база на податоци на партијата.

Фотокопија од пристапницата со внесен број на членската легитимација (според начинот на нумерација), се испраќа до седиштето на партијата.

Регистарот на членови се води во (excel) табели со податоци од писмената изјава за зачленување (пристапница) и по делови (sheet-ови) за сите општини во државата.

Член 6

Базата на податоци од регистарот на членови како единстена дата база се чува во седиштето на партијата за која е одговорен генералниот секретар.

Општинските организации на партијата имаат авторизиран пристап до единствената база на податоци за членството од својата општинска организација.

Генералниот секретар и седиштето на партијата ги преземаат сите мерки и активности за сајбер безбедност и заштита при работењето и чувањето на податоците од регистарот на членови.

Изгледот на табелата на регистарот на членови е Прилог број 3 на овој правилник.

Движење ЗНАМ-ЗА НАША МАКЕДОНИЈА
Претседател
Максим Димитриевски